# FOREVER

N. MACEDONIA

Март 2021 | Број 233



## ЖИВЕЕМЕ ВО НЕВЕРОЈАТНИ ВРЕМИЊА
Rex Maughan

## МОТОРОТ НА ФОРЕВЕР
Gregg Maughan

## СО ФОРЕВЕР НЕ УСПЕВААТ САМО ТИЕ ШТО СЕ ОТКАЖУВААТ
Стефан и Тања Стаеви

# Моторот на Форевер






**Сигурноста е една од најважните занемарувани работи во животот. Со добар мотор вашиот автомобил ќе ги крстосува патиштата години по ред, но ретко одделуваме време за да размислиме за сè што се случува под хаубата.**

Комплетно затворениот производствен процес е моторот кој го движи Форевер и е причина да сме толку силни уште од 1978 год. Ние ги поседуваме полињата на кои се одгледува нашето алое, фабриките во кои се произведуваат производите и каналите за дистрибуција со чија помош тие стигнуваат во целиот свет. Кога ќе го земете омилениот производ или пак алоето од ладилникот, можеби не размислувате за сите чекори во процесот, благодарение на кои ги добивате најдобрите алое производи на пазарот. Не се грижете. Нема потреба да размислувате за сето тоа, бидејќи тоа е наша грижа.

Мислиме за секој детал од моментот кога алоето се сади, сè додека порачката пристигне до вашата врата. Токму тој комплетно затворен процес придонесува Форевер да е уникатен во индустријата на директните продажби. Не е тајна дека се бараат значително поголеми инвестиции за да се контролира секој аспект од одгледувањето, производството и распространувањето на производите, но тоа е и една од најубедливите причини да можете самоуверено да ги препорачувате нашите производи.

Има безброј компании кои заштедуваат многу средства и имаат брза заработувачка, бидејќи порачуваат готови производи наместо да ги произведуваат сами. Но плаќаат за тоа со цената на довербата на своите клиенти. Не можат самоуверено да им раскажуваат како се произведени нивните производи, какви се производствените капацитети, дали на работниците им се плаќа праведно. Другите фирми често не можат да ви кажат каде се одгледани состојките или како се берат. Тоа е само дел од долгиот список од работи кои клиентите заслужуваат да ги знаат, кога купуваат производ.

Тоа е она по што се разликува Форевер од останатите. Кога ќе им препорачате на клиентите додатоци во исхраната од нашиот богат асортиман, можете да им кажете дека производите се произведени со опрема од фармацевтска класа и дека минуваат низ 333 вида тестови во Forever Nutraceutical. Вработените се однесуваат кон работата со страст и посветеност. Ако ги прашате нашите конкуренти низ колку тестови за квалитет минуваат нивните производи и опрема, тие не можат да ви кажат. А ние можеме да одговориме на секое ваше прашање за нашите капацитети – од Аризона до Тексас и во целиот свет.

Некој би можел да каже дека затворениот процес на производство може да нè ограничува или дека да си секогаш во чекор со најновите научни откритија и технологии е прескапо. Нашиот процес е толку посебен и заради фактот што знаеме кога да вклучиме во него клучни партнери. Форевер исклучително се гордее што работи со лидери со напредно мислење кога е потребно, за да гарантира дека секогаш ги добивате најсовремените технологии или иновации.

Квалитетот секогаш ќе нè издвојува. Нашите производи. Нашите луѓе. Нашите капацитети. Следниот пат кога користите или препорачувате производи, спомнете си дека тие се плод на трудот на научниците во нашите лабаратории, на посветените фармери, на екипите во складовите и на секој што му помага на моторот да работи добро. Можете да сметате на 43 години посветеност и квалитет. Нешто такво не само што е реткост во нашата бранша, туку е и скоро нечуено во која било индустрија, нешто со што сите можеме да се гордееме.

Продолжете со насмевки,

**Gregg Maughan**
Претседател на Форевер Ливинг Продактс

# Живееме во неверојатни времиња






**Светот сигурно се променил во изминатите 43 години. Се чини дека раните денови на Форевер не беа толку одамна кога јас организирав презентации  на производи во мојата дневна соба. Потоа се качував во автомобил и цела ноќ возев, за да направам повторно презентација во друг град. Во тоа време градењето на бизнис значеше пишување на писма, јавување на телефон и ѕвонење на врати. Она што најмногу се доближуваше до денешните социјални мрежи, беше ротирачката картотека со контакти која стоеше на моето биро.**

Бевме само шака луѓе и сите бевме толку воодушевени од производите на кои им немаше рамни на пазарот. Денес воодушевувањето нѝ е исто така живо, и токму тоа го изведе Форевер до хоризонти кои не сум можел и да си ги претставам. Ако во првите 20 години од историјата на компанијата некој ми беше кажал дека еден ден ќе бидеме домаќини на онлајн средби и ќе комуницираме со луѓето во целиот свет преку екраните на компјутерите, сигурно би си помислил дека читате премногу фантастика. Бев убеден дека бизнисот веќе ми ги сервирал сите можни изненадувања.

**СЛЕДНИОТ МЕСЕЦ ЌЕ БИДАМ СО ДЕСЕТИЦИ ИЛЈАДИ ОД ВАС ОД ЦЕЛИОТ СВЕТ НА ПРАЗНУВАЊЕ НА ВИРТУЕЛНОТО ГЛОБАЛНО РЕЛИ.**

Прескокнуваме неколку години напред во времето и се наоѓам на сцената на Глобалното рели со 20 000 насмеани сопственици на Форевер бизнис од цел свет во салата пред мене. Нашиот мал бизнис стана глобален феномен и технологиите нѝ помагаат за тоа. Не бев сигурен дека нешто ќе може да го надмине тоа чувство, но ете нѐ денес – подготвени одново да пишуваме историја.

Следниот месец ќе бидам со десетици илјади од вас од целиот свет на празнување на виртуелното Глобално рели. Тоа ќе биде најпосетената светска средба во нашата историја и ќе им даде на повеќе луѓе од кога било  да ја доживеат возбудата на Глобалното рели на еден нов начин. Неверојатно е да се живее во времиња како денешните, кога можеме да останеме во контакт и да си помагаме, иако нема како да се сретнеме лично.

Сите вие заслужувате да ја отпразнуваме вашата напорна работа и сѐ што постигнавте во изминатата година. Секоја следна ги носи своите предизвици, можности и непредвидени околности. Но имаме среќа да живееме во време во кое не само што можеме да се исправиме пред тешкотиите заедно, туку и да работиме за создавање на посветла иднина и подобри заедници за сите нас, дури и да нѐ делат илјадници километри.

Технологиите се развиле многу, но основните принципи на Форевер се сѐ уште истите. Продолжуваме да растеме кога контактираме со луѓето, им ги препорачуваме омилените производи и ја предлагаме неповторливата можност. Новите начини за комуникација и неверојатните алатки со кои располагаме нѐ направија посилни.

Многу сум горд што ќе бидам со толку многу од вас на претстојното историско Глобално рели. Моментот е многу погоден– пресвртна точка во годината кога ќе им дадеме пат на идните посветли денови. Ако има нешто што сите сме научиле за Форевер, тоа е никогаш не треба да го потценуваме потенцијалот на овој бизнис да нѐ изненадува и да нѝ го промени животот на подобро. Можеби не знам што се крие зад следниот агол, но сигурен сум дека го очекувам со возбуда а се надевам и вие исто.

**Засекогаш Ваш,**

**Rex Maughan**
Главен извршен директор на Форевер Ливинг Продактс

# Forever Supergreens™

Има денови во кои нѝ е потешко да јадеме доволно овошје и зеленчук. Во забрзаното секојдневие често посегнуваме кон преработена храна за да каснеме на нога, но ова може да предизвика дефицити во нашата исхрана. Сепак и кога животот ви пречи на комплетната исхрана, можете да му обезбедите на телото растителни супер храни во секое време и насекаде со Форевер супергринс.

Во секоја ќесичка има хранлива порција од идеално комбинирани алое и над 20 видови овошја и зеленчуци. Оваа комплетна супер храна има одличен вкус и лесно се раствора во вода или во вашиот омилен напиток.

Форевер супергринс обезбедува клучни нутриенти и антиоксиданти, за да ги поддржи природните одбранбени сили на организмот и да ве одржи во оптимална форма. Алкализирачката зелена храна како спанаќ, кељ и брокули го зајакнуваат дејството и помагаат за одржување на здрава алкално-киселинска рамнотежа, витална за многу телесни функции.

Внимателно одбраните состојки ги потпомагаат природните одбранбени сили на организмот во тешки моменти и го зајакнуваат за да биде во оптимална форма. Форевер супергринс е ефикасна комбинација од извори на природни хранливи материи како полифеноли и антиоксиданти од гоџи бери (лициум), семки од грозје, зелен чај, зелено лиснати зеленчуци, спирулина и нашето сопствено алое, поткрепени од природните корисни својства на витамините C, E и магнезиум.

Форевер супергринс е нешто повеќе од брз и удобен начин за пополнување на хранливите дефицити. Тој е одличен и за вашата спортска торба, бидејќи ја поткрепува силата и издржливоста за време на тренинг, како и закрепнувањето потоа.

## СОСТАВ

Спанаќ [листови во прав (34%)], овошна арома [згуснувач (малтодекстрин, гума акација), аромат (малина и јагода), регулатор на киселост (лимонска киселина), средство против згрутчување (силициум диоксид)], магнезиум (магнезиум карбонат), лист од брокули во прав (7%), стебла од јачмен, спирулина, ексклузивна комбинација од овошја и зеленчуци, витамин C (аскорбинска киселина), лист од кељ во прав (2%), семки од грозје во прав, зелен чај (листови во прав, гоџи бери екстракт (2%), засладувач (стевиол гликозиди), витамин E [(d-алфа-токоферил-ацетат), средство против згрутчување (силициум диоксид)], алое вера листови во прав.

## ПРЕПОРАЧАНА УПОТРЕБА

Содржината на една ќесичка се раствора во 240 ml вода или друг напиток, добро се промешува.

Производот не содржи глутен и е погоден за вегетаријанци и вегани.





# Со Форевер не успеваат само тие што се откажуваат

**Честита баба Марта! Посакајте сѝ да бидете здрави, слободни, независни и среќни и направете сѐ што е потребно за тоа да се случи и тоа сега, а не во некој друг живот. Сигурно нема да е лесно, но во партнерство со Форевер е достапно и достижно за секој што е подготвен да работи здраво и разумно за остварување на своите мечти.**



Сакаме да ве поздравиме сите што станавте дел од нашето големо семејство во последните денови, седмици и месеци. Добре дојдовте меѓу нас! Сакаме да ве увериме дека изборот што сте го направиле е одличен, иако во овој момент имате повеќе сомнежи отколку верба. Сите ние што сме дел од оваа прекрасна можност, во еден момент сме биле на вашето место и сме се чувствувале на истиот начин. Можеби нашиот необјаснив ентузијазам, туѓиот мрежен „жаргон“ на кој зборуваме, на прв поглед нашата фанатична верба во производите, компанијата и индустријата будат кај вас сомнежи дали сте на правилното место. Потполно ве разбираме, бидејќи самите ние на почетокот се чувствувавме така, си поставувавме исти прашања и имавме исти грижи.

Што нѐ промени и нѐ направи такви какви што сме во моментот? На прво место не се откажавме. Со Форевер не успеваат само тие што се откажуваат. Огромната желба да си го промениме животот, подготвеноста да направиме сè што е потребно за тоа, комбинирани со чудната синергија од производи, моќна, стабилна и коректна компанија и докажан систем за градење на независен сопствен бизнис, како и нашето трпение навистина нѝ го променија животот. Го променија така, како што ќе го променат и вашиот, ако не се откажувате.

Мрежниот маркетинг е особено сериозна и динамична форма на директните продажби. Тој не е пирамидална шема, ниту брз и лесен начин за збогатување, а им дава можност на луѓето со претприемачки дух сами да ги управуваат времето и доходите преку разумни, континуирани едноставни и достапни дејства.

И тука сакаме да ве потсетиме што кажа основачот и сопственик на Форевер, Рекс Мон:

*„Една од најопасните болести на овој свет е празниот паричник. Исто како што можеме да го намалиме бројот на луѓе кои страдаат од дигестивни проблеми и други причини за заболувања, должни сме да им претставиме на луѓето достапна можност чесно да си заработат доход кој ќе им обезбеди достоен и слободен живот. Тоа е најдоброто лекарство кое што може да им го дадеме.“*

Форевер предлага едноставен (но не лесен) бизнис модел кој може да го практикувате од дома. Не е потребен почетен капитал и сами сте си шефови. Секој околу вас е потенцијален корисник или соработник. Ова не значи дека сите до еден ќе станат такви, но единствениот начин да разберете, е да разговарате со секој. Дополнителен плус е што вие избирате кога и со кого да разговарате за Форевер и така сами го управувате времето.

Нашите производи имаат гарантиран квалитет и се многу добро прифатени од луѓето. Бизнисот е во постојан раст независно од социјалните и економските катаклизми. Индустријата за грижа за здравјето и надворешниот изглед најбрзо се развива во моментот и така ќе биде и во иднина. Или, ако треба да резимирам, располагате со сите најдобри претпоставки за да изработите во разумни рокови своја финансиска независност.

Тоа сме ние и со таа можност се сретнавте сега. Уште еднаш ви посакуваме добредојде и сигурни сме дека наскоро и вие ќе бидете помеѓу луѓето кои си го променија животот со Форевер и им помагаат на многу други да го направат истото!

**Секогаш со вас,**

**Стефан и Тања Стаеви**

Генерални директори на Форевер Бугарија и С. Македонија



# Бидете фит во 2021: Што треба да знаете ...

Ова е времето од годината кога во фокус се нашата кондиција и исхрана. Пред да влезете во рутина, проверете дали сте подготвени за промена на вашиот животен стил. Разговараме со Peter Pressman и Roger Clemens од Forever's Scientific Advisory Board за првите чекори што треба да ги преземете за да ја подобрите вашата кондиција.

### 1. Кои информации треба да ги имаат луѓето пред да започнат со вежбање или промена на исхраната?

Да се биде физички активен е безбедно и се препорачува на секого. Ако имате какви било повреди или здравствени состојби, добро е да разговарате со вашиот лекар пред да започнете нов режим на вежбање. Важно е да ја прилагодите вашата исхрана и да вежбате според целите што сакате да ги постигнете. Ако вашата исхрана и рутина за вежбање не се усогласени со тоа што сакате да го постигнете, нема да ги видите резултатите што ги барате.

### 2. Освен нутриционистичкиот аспект, што можат луѓето да направат за да го одржат своето тело доволно здраво за да се занимаваат со вежбање?

Избегнете претерување! Повредите поврзани со претерано вежбање се честа причина што нѐ спречува да уживаме во редовно вежбање. Избегнувајте да правите само една форма вежби, вкрстено тренирајте за да сте сигурни дека пристапувате кон целото тело и дека не преоптоварувате некои мускули, занемарувајќи други.

### 3. На кои начини исхраната и физичкото здравје можат да ја промовираат менталната и целокупната благосостојба?

Општо земено, добрата исхрана и физичките вежби го намалуваат ризикот од развој на сериозни состојби како што се висок крвен притисок, дијабетес, кардиоваскуларни заболувања и некои видови карцином. Разновидната и урамнотежена исхрана во комбинација со редовно вежбање има и емоционални придобивки, го подобрува расположението и ви помага да се чувствувате подобро.

### 4. Како може некој да избегне враќање на старите навики и да остане на целта?

Прво и најважно, не се лишувајте од омилената храна, само направете подобар избор.
Ако сепак се вратите назад, знајте дека ви е дозволено да имате неуспех. Вие сте човек! Обидете сѐ да учите од искуството и искористете го за да ја освежите вашата мотивација. Можеби сакате да ја прилагодите и менувате вашата рутина, да ги одржувате работите интересни, да направите стимулации за следење, да поканите партнер да ви се придружи и да поставите остварливи цели. Споделете ги овие цели со пријател или член на семејството за да ја подобрите одговорноста.



### 5. Кои клучни работи треба да се разгледаат при прилагодувањето на исхраната според фитнес целите?

Одржувањето на хидратацијата и замената на електролити е многу важно. Исто така, бидете сигурни дека внесувате доволно витамини и минерали додека во исхраната внесувате протеини, различни извори на јаглехидрати и здрави масти. Побарајте насоки од вашиот лекар и личен тренер ако не сте сигурни како најдобро да ја прилагодите рутината на вашите цели. Различни работи функционираат за различни луѓе, затоа барањето совет однадвор може да ви помогне да направите вистински избор.

### 6. Зошто луѓето имаат празнини во исхраната и дали постојат одредени празнини кои се почести?

Современиот начин на живот често пати нè води до разногласие во однос на навиките кои промовираат здрав животен стил.  Често работиме премногу, пропуштаме оброци и вежбаме напорно кога имаме можност.  Разновидноста во исхраната недостасува, стресот си го зема данокот, се впуштаме во тешки тренинзи и не ги дополнуваме правилно недостатоците во исхраната. И покрај тоа што уживаме во лесно достапна и изобилна храна, понекогаш нѝ се потребни додатоци во исхраната за да ги надоместиме празнините што може да ни ги создаде нашиот животен стил.

**"РАЗНОВИДНАТА И УРАМНОТЕЖЕНА ИСХРАНА ВО КОМБИНАЦИЈА СО РЕДОВНО ВЕЖБАЊЕ ИМА И ЕМОЦИОНАЛНИ ПРИДОБИВКИ..."**



# **КВАЛИФИКАЦИИ** ЗА ЈАНУАРИ 2021 ГОДИНА

## МЕНАЏЕР




1. Амити Линдита
2. Гогушовска Снежана
3. Малинова Марија
4. Ставрова Марија
5. Шљупкова Јулијана

## АСИСТЕНТ МЕНАЏЕР



1. Ристовски Соња и Зоран
2. Спасовски Весна и Дејан
3. Талески Даниел
4. Ташевска Јадранка
5. Ќаили Гете

## СУПЕРВИЗОР



1. Александровска Јасмина
2. Андов Милан
3. Богдановски Ѓорги
4. Богдановска Наташа
5. Костадинова Марија
6. Лазов Пане
7. Милков Кирил
8. Ристовски Борче
9. Симеонов Александар
10. Стојчевска Маја



## АСИСТЕНТ СУПЕРВИЗОР

1. Алабаковска Апчевска Наташа
2. Александровски Стефан
3. Алексова Каров Кате
4. Алексовска Александра
5. Алити Хусеини Наигле
6. Анастасовска Јулијана
7. Андоновска Гордана
8. Аргироска Митев Снежана
9. Арифе Љимани
10. Арсовска Бети
11. Атанасовска Стефанија
12. Аврамовска Верица
13. Богдановска Мартина
14. Богдановски Горан
15. Бошковски Елена
16. Васиќ Оливера
17. Василева Виолета
18. Величков Игор
19. Величковска Марина
20. Велкова Даниела
21. Гицаровски Војдан
22. Госиќ Слободанка
23. Даниловски Бранка
24. Данковиќ Сузана
25. Даути Влора
26. Давчевски Петар
27. Дика Мери
28. Димитриева Наталија
29. Димитриевска Весна
30. Ѓоршиевска Росана
31. Ефтимовска Зорица
32. Елезовски Ашмет
33. Жежовска Билјана
34. Илиќ Тања
35. Илиевска Даниела
36. Илиевска Сања
37. Иракоска Благојка
38. Ивановска Соња
39. Ивчевска Драгица
40. Јакупи Садула
41. Јанкова Ксенија
42. Јанковиќ Ксенија
43. Михајловска Светлана
44. Јоцевска Бранкица
45. Каралиоска Лила
46. Кекеновска Билјана
47. Кепеска Наташа
48. Костадиноска Изабела
49. Костоски Стефан
50. Крстевска Билјана
51. Лазаревска Габриела
52. Ливринска Андонова Сашка
53. Максимоска Ленче
54. Манасиевска Емилија
55. Манасова Соња
56. Миленкоска Ивана
57. Милошевска Бети
58. Младенова Ивана
59. Мојсова Александра
60. Мојсова Јадранка
61. Музафер Рамука
62. Неделкоска Сузана
63. Николова Виолета
64. Никовска Елизабета
65. Нинеска Драгана
66. Новачева Соња
67. Павловски Роберт
68. Пешевски Анета
69. Петковска Даринка
70. Поповска Катерина
71. Рајчиноска Марија
72. Размоска Маја
73. Размоска Тања
74. Ристески Гоце
75. Симјаноска Драгица
76. Симоновиќ Бети
77. Спасовска Соња
78. Стефаноска Јелена
79. Стеваноска Јелена
80. Стеваноска Василиса
81. Стојановска Николина
82. Стојмановски Драган
83. Стојменова Бранка
84. Темелкова Димитрушева Зорица
85. Тенева Мери
86. Терзоски Драгана
87. Томановска Костадинка
88. Трајановски Зоран
89. Трајчевски Димитрија
90. Ќерими Назифе
91. Фејроска Атиџе
92. Филипова Драгана
93. Филипова Виолета
94. Цековска Мери
95. Цветановска Елизабета
96. Цветковска Билјана
97. Шишкова Мила

## КЛУБ 4

### Клуб 4 – ниво 1




Александровска Јасмина
Асипи Мимоза
Богдановска Наташа
Георгиевска Сања
Илиеска Николоска Билјана
Талески Даниел
Томовска Герасимовска Тања
Ќаили Гете

### Клуб 4 – ниво 2




Милушева Слободанка
Филипова Марија
Шљупкова Јулијана

### Клуб 4 – ниво 3




Николовски Никола
Трајкова Емилија

## ТОП 10

| ВКУПЕН ОБЕМ | НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ |
|---|---|
| 1. Роза Гелевска | 1. Вера Златковска |
| 2. Славица Донакова | 2. Роза Гелевска |
| 3. Вера Златковска | 3. Елена Гелевска |
| 4. Елена Гелевска | 4. Горан Давитков |
| 5. Стевица Димовска | 5. Стевица Димовска |
| 6. Катерина Трајчевска | 6. Славица Донакова |
| 7. Горан Давитков | 7. Јадранка Ташевска |
| 8. Слафко Михајловски | 8. Александар Малинов |
| 9. Блага Крстеска | 9. Даниел Талески |
| 10. Жарко Георгиевски | 10. Весна Спасовска |

facebook

**Следете ја официјалната фејсбук страница**
**Forever Living Products, MK**
**за да бидете во тек со сите новини, промоции, обуки и претставувања кои ги организираме.**

Like

**ФОРЕВЕР ЛИВИНГ ПРОДАКТС ДООЕЛ**
**www.foreverliving.com**

бул. Јане Сандански 3б, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815; 2465826; 070236609
e-mail:flp@t-home.mk

Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.

## ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА

**Како да порачате:**

- онлајн преку линкот http://flp.bg/mac/order/
- доколку не сте во можност да порачате онлајн, можете телефонски на 02 2465846, 02 2465826 и 070 236609 секој работен ден од 9 до 19 часот. Порачките кои се примени до 14 часот се испраќаат од канцеларијата на Форевер истиот работен ден. Вие ја добивате порачката на домашна адреса во рок од 24 часа и ја плаќате на доставувачот.